П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24),член 33 став 2 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 1/26), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 16. седница одржана на ден 02.10.2026 година, донесе:

О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес

за 2026 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2026 година на следниот начин :

Потпрограма Потставка		БУЏЕТ	САМОФИН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
V10	**ДЕТСКИ ГРАДИНКИ**					
423410	Прехранбени продукти и пијалаци	0	-3.000.000	0	0	0
VA0	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ**					
480190	Купување на друга опрема	0	3.000.000	0	0	0
		0	**0**	**0**	**0**	**0**

.

Претседател на Советот на Општината

Даниел Јаневски

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со оваа Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2026 година, се врши пренамена на средствата во колоната за самофинансирачки активности.

Се пренаменуваат **3.000.000** денари од потпрограма В1 – Детска градинка од потставка *423 410* – Прехрамбени продукти и пијалоци во потпрограма ВА0 – Капитални расходи за детска градинка на потставка *480 190* – Купување на друга опрема.

Одлуката се спроведува согласно барањето на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес.

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 05-747/1
16-09-2026 год.
Велес

Прима

ЕЛС Општина Велес

16 -09- 2026

Предмет; Барање за пренамена на средства за 2026 година

ОЈУДГ „Димче Мирчев„ Велес , Ви доставува барање за пренамена на средства - во износ од 3.000.000,00 денари за опремување на занимални со теписи во сите објекти,набавка на клима уреди,набавка на фрижидери и садови за кујната,набавка на игровна опрема и креативни пакетчиња,набавка на масички , столчиња ,плакари и креветчиња за занималните, од сметката-787 за 2026 година да ги распределите на следниве ставки.

Сметка "787"

423410-прехранб.продук.и пијалаци	- 3.000.000,00
480190-купување на др.опрема	3.000.000,00

Директор

Наташа Јанушева